ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-113/5
30-05-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-1004/1 од 06.03.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-1004/1 од 06.03.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-1004/1 од 06.03.2024 година е оформен по пријава од познат подносител во која се дадени наводи за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________ за именување на функцијата член на Управен одбор на Јавно претријатие ____________. Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција ги констатира наводите во пријавата и при тоа утврди дека на лицето веќе му е изречена прекршочна санкција за не поднесување на анкетен лист за именување на функцијата в.д. член на Управен одбор на Јавното претпријатие ____________ со бр.08-3987/6 од 18.12.2023 година, по што истиот ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

Во Државната комисија за спречување на корупцијата е оформен предмет по поднесена пријава со бр. 08-1269/1 од 28.03.2024 година во кој се содржани истите наводи како и во предмет со бр.08-1004/1 од 06.03.2024 година.

Во однос на претходното Државната комисија за спречување на корупцијата на колегиум одржан на 23.07.2024 година донесе заклучок предметот заведен под бр.08-1269/1 од 28.03.2024 година да се спои со предметот со бр.08-1004/1 од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

06.03.2024 година од причина што двата предмета се оформени по пријава кои содржат исти предметни наводи.

Дополнително од извршениот увид во „Службен весник на РСМ" бр.137/24 ДКСК утврди дека _____________ со Решение бр.14-5554/1 од 28.06.2024 година е разрешен од должноста член на Управен одбор на Јавното претпријатие _____________ и дека нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси за престанок на функција.

На колегиум одржан на ден 25.09.2024 година донесе заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по чл. 82 ст.3 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

ДКСК на _____________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1004/3 од 27.09.2024 година за сторениот прекршок и со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-114/4 од 25.03.2025 година, со кое сторителот _____________ го прогласи за одговорен, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил**: К.Б, помлад соработник
**Контролирал**: м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен**: К.З, Раководител на сектор
**Одобрил**:Б.Ц., член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk